**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-403/6**

**Скопје, 24.09.2008 година**

**До**
**Основен суд Штип – Штип**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Штип - Штип - сметка за редовно работење (во понатамошниот текст Основен суд) за 2007 година кои се прикажани на страните од 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Основен суд Штип - Штип за 2003 година.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Миланчо Рамбабов - Претседател на Основен суд Штип од 19.07.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 05.05.2008 година до 16.05.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 04.08.2008 година добиени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 868/08. Истите беа разгледани и забелешките на точката 10.2.4. делумно е прифатена поради дополнително доставена документација додека останатите се одбиени како неосновани.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### *11.1. Систем на интерни контроли*

***процес на евидентирање на влезни фактури***

11.1.1. При оцена на системот на интерни контроли на процесот на евидентирање на влезни фактури констатирана е ненавремена и нехронолошка сметководствена евиденција. Ваквата состојба се должи на непостоење на контролни постапки што создава ризик од некомплетност и нецелосност на искажаните превземени обврски како и нереални и необјективни податоци во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Основниот суд да донесе пишани процедури кои ќе овозможат имплементирање на контролни постапки заради законско, наменско, ефикасно и ефективно користење на средствата.

### *11.2. Неправилна примена на акти:*

11.2.1. Основниот суд нема обезбедено имотни/поседовни листи за правата на недвижностите со кои располага и управува, што не е во согласност со член 10 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, согласно кој ...„запишувањето на правата на недвижностите во катастарот на недвижности е задолжително....„. Поради нерегулирани имотно-правни односи, Основниот суд за евидентираните недвижности не располага со документација за доказ на сопственоста.
Основниот суд во текот на ревизијата превзема мерки за утврдување на сопственоста и поднесе Барање за добивање имотен лист Су.бр.537/08 од 08.05.2008 година до Државен завод за геодетски работи, Одделение за премер и катастар Штип.

11.2.2. Основниот суд нема секретар на судот како стручно – државен службеник, што не е во согласност со член 100 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија„ бр.58/06). Во периодот од 2005 година до 2007

година поднесени се Барања за пополнување на работно место раководител на сектор – секретар на судот, за кои не е добиена согласност од Судски буџетски совет. Заради непречено вршење на стручните и административните работи и работите од доменот на судската управа, Претседателот на судот со Решение за распоредување на работното место раководител на сектор – секретар на судот Су.бр.901/05 од 08.06.2005 година, распоредил државен службеник – стручен соработник да ги извршува работите кои се надлежност на секретарот на судот, без да ги остварува сите права од ова работно место.

Ревизијата не дава препорака бидејќи од страна на Судски буџетски совет добиено е известување бр.04-184/5 од 09.04.2008 година, за отпочнување на постапка за вработување на секретар на судот.

11.2.3. Во Основниот суд работите и работните задачи на сметководител/одговорен сметководител ги врши виш референт/благајник на судот, што не е во согласност со Правилникот за систематизација на работни места во Основен суд Штип. Во периодот од 2005 година до 2007 година поднесени се Барања за пополнување на работно место советник за финансиски работи/сметководител, за кои не е добиена согласност од Судски буџетски совет. Поради недоволна кадровска екипираност во одделението за финансиски работи доаѓа до преклопување на надлежности и одговорности во едно исто лице за различни задачи што може да доведе до намалување на квалитетот на извршување на задачите од областа на финансиско-материјалното работење.

Ревизијата не дава препорака бидејќи од страна на Судски буџетски совет добиено е известување бр.04-184/5 од 09.04.2008 година, за отпочнување на постапка за вработување на советник за финансиски работи.

11.2.4. Основниот суд во текот на 2007 година има склучено од 5 до 7 договори за дело за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, а не за привремени и повремени работни задачи. Ангажирањето на лицата е извршено спротивно на Законот за работни односи. Со писмо Су.бр. 1728/07 од 21.12.2007 година од судски буџетски совет, побарана е согласност за три нови вработувања за кои не е добиена согласност. Непочитувањето на законските прописи, предизвикува незаконско користење на средства во износ од 405 илјади денари, како и неможност на ангажираните лица за остварување на права од работен однос.

**Препорака:**

Основниот суд ангажирањето на лица по договор за дело да го врши согласно одредбите од Закон за агенциите за привремени вработувања.

11.2.5. Основниот суд ангажира вештаци кои не се на постојаната листа на вештаци (најчесто вештаци од областа на медицината), што не е во согласност со член 255 од Законот за кривичната постапка (Службен весник на РМ број 15/2005 - пречистен текст), согласно кој врз основа на стручноста, искуството од соодветната област, техничка опременост, угледот во професијата и други околности се определува вештак од постојаната листа на вештаци. Заради прибавување на наод и мислење од лицето кое првично извршило увид/стручен преглед, стручното лице и понатаму се ангажира како вештак во постапката, иако не е на постојаната листа на вештаци. Воспоставената пракса на ангажирање на вештаци, придонесува исплатата на средства за оваа намена да се врши спротивно на позитивната законска регулатива.



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* **Овластен Државен ревизор**
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311* ----------------------------

**Препорака:**
Основниот суд да ја преоцени постојаната листа на вештаци, а ангажирањето на вештаци да го врши согласно Законот за кривична постапка и Судскиот деловник.

### *11.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела*

11.3.1. Со ревизија на водењето на деловните книги за 2007 година констатирани се одредени состојби кои укажуваат на несоодветно почитување на законските и подзаконските прописи и тоа:

- не е извршено соодветно изготвување на деловните книги на крајот од фискалната година, односно дневникот и главната книга не се заклучени, отпечатени, поврзани, потпишани од овластено лице и соодветно одложени за нивно чување во законски пропишаниот рок;
- финансиските трансакции, односно признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи во текот на годината, содржани во главната книга не се евидентирани според сметководственото начело на парично искажување;
- не се поткрепени со веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи вкупно 11 налози за книжење со вкупен промет од 64.519 илјади денари.
- благајничките извештаи не се изработуваат навремено и ажурно при секоја промена на паричните средства во благајната и истите не се потпишани од овластено лице;
- програмското решение/софтвер за водење на деловните книги овозможува пристап, менување и дополнување на регистрираните податоци во деловните книги, што придонесува почетните состојби за 2007 година регистрирани во електронската база на податоци да не соодветствуваат со податоците искажани како почетни состојби во финансиските извештаи за истата година и налозите за книжење одложени во класорите со сметководствена документација за 2007 година не се соодветни со истите регистрирани во електронската база на податоци.

Горенаведените состојби не се во согласност со одредбите на Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Недоволната екипираност и едуцираност на лицата кои ги вршеле работите од обласна на финансиското работење, превземањето на активности за изменување и дополнување на историските податоци оневозможува утврдување на првобитно регистрираната содржина во деловните книги; податоците регистрирани во деловните книги да не се презентирани хронолошки и точно да не го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување, како и истите да не обезбедуваат целосни, вистинити и веродостојни информации за резултатите на финансиските промени и финансиските трансакции.

**Препорака:**
Почнувајќи од 01.01.2008 година, на ниво на Судска власт во РМ, имплементиран е модул за Буџетско и финансиско работење. Заради целосна имплементација на горенаведениот модул односно добивање на точни, целосни и веродостојни информации во финансиските извештаи, Основниот суд потребно е да внесе веродостојни податоци за почетната состојба на средствата и нивните извори, а внесувањето на податоците во деловните книги да го врши навремено и хронолошки врз основа на веродостојни и уредни сметководствени документи.

11.3.2. Во Основниот суд евидентирани се обврски спрема добавувачи за кои не постои реална обврска, односно истите се платени во годината која е предмет на ревизијата од сметката на приходи наплатени од органи а обврската е останата во сметката за редовно работење. Претходното не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Поради неажурна сметководствена евиденција искажани се повеќе обврски кон добавувачи во износ од 219 илјади денари, што укажува дека и извршениот попис на крајот на година не е реален и објективен.

**Препорака:**
Основниот суд евидентирањето на обврските да го врши согласно превземените обврски, навремено и ажурно, а почетната сметководствената состојба да ја усогласување со фактичката состојба на превземените обврски спрема добавувачи.

11.3.3. Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 Ревизорски докази и 505 Екстерни конфирмации од страна на ревизијата испратени се конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на обврските. За неизмирените обврски во вкупен износ од 1.788 илјади денари испратени се 9 конфирмации во износ од 1.209 илјади денари, кои опфаќаат 67,62% од обврските. Од испратените конфирмации до денот на ревизијата добиени се одговори од 5 комитенти во износ од 1.059 илјади денари (88% од испратените конфирмации), од кои 1 конфирмација во износ од 63 илјади денари ја потврди сметководствената состојба (5% од испратените конфирмации), 4 конфирмации во износ од 996 илјади денари не ја потврдија сметководствената состојба (82% од испратените конфирмации ), додека за 4 конфирмации во вкупен износ од 150 илјади денари (12% - од испратените конфирмации) не се добиени одговори. Врз основа на изнесеното ревизијата неможеше да се увери во реалноста и објективноста во прикажаната состојба на обврските.

**Препорака:**
Основниот суд да врши усогласување на обврските најмалку еднаш годишно.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1.1, 11.2.1, 11.3.1, 11.3.2 и 11.3.3. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основен суд Штип – Штип - сметка за редовно работење на ден 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 11.1. до 11.3. кај Основен суд Штип – Штип - сметка за редовно работење не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

14. Ревизијата има за обврска да обелодени дека:

- од страна на Министерство за правда отпочната е постапка за поставување, одржување и функционирање на информатички систем врз единствена методолошка и технолошка основа за сите правосудни органи, со чија имплементација ќе се обезбеди креирање на електронски досиеа на судски

предмети во единствена база на податоци за правосудниот и информациониот систем, намалување на времето на обработка на предметите и зголемување на ажурноста на судовите.

- средствата за надомест за трошоците за сведоци, вештаци, преведувачи, толкувачи и стручни лица, како и трошоци на увидот во кривична и прекршочна постапка во Основните судови во Република Македонија, се исплаќаат според Правилникот за надоместокот на трошоците во кривичната и процесната постапка и постапката за стопански престапи (Службен весник на СРМ 11/1988 година), донесен врз основа на Закон за редовните судови, кој закон престанува да важи со донесувањето на Законот за судовите во 1995 година, а кој престанува да важи со донесување на новиот Закон за судовите. Исплатата на средствата кои претставуваат државни расходи се врши врз основа на законски и подзаконски акти кои се вон сила, поради тоа што Министерот за правда нема донесено поблиски прописи за надомест на трошоците на кривична постапка, (кои важат и за прекршочна постапка), ниту акт за критериуми за видот, висината и надоместокот за вештачењето, согласно член 96 од Законот за кривична постапка (Службен весник на РМ 15/2005 година, пречистен текст);

- средствата за надомест на судии поротници и средствата за надомест за дежурства на судии во Основните судови во Република Македонија, се исплаќаат по подзаконски акти донесени врз основа на Законот за судовите во 1995 година, а кој престанува да важи со донесувањето на новиот Закон за судовите, согласно кој Министерот за правда е овластен истите да ги донесе во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на законот, односно до јуни 2007 година. Истите до денот на вршење на ревизијата не се донесени, поради што исплатата на средствата кои претставуваат државни расходи се врши врз основа на законски и подзаконски акти кои се вон сила;

- За превземање, присобирање и чување на моторните возила и нивните делови кои привремено или конечно се одземени од страна на судовите во РМ, нивната евиденција, продажба и распределба на приходите, Министерството за правда случил Договор број 03-2740 од 23.06.1999 година со Автомото сојуз на Македонија. Во член 24 од договорот е наведено дека средствата остварени од продажба на возилата се распределуваат и тоа: 22% му припаѓаат на Автомото сојуз на Македонија на име надомест за вршење на работи на превземање, присобирање, чување и продажба на моторни и приклучни возила и нивни делови, а остатокот од средствата се распоредуваат на начин утврден по налог на Министерот за правда. Ревизијата смета дека договорот е склучен спротивно на законската регулатива од причини што
  - имено, согласно глава XXIV Одземање на предмети и член 260 од Законот за извршување на санкции („Службен весник на Република Македонија„ бр.03/97), ......„парите добиени од продажба на одземените предмети во постапката за извршување на мерката на безбедност се внесуваат во Буџетот на Република Македонија„......
  - во член 313 и 314 од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија„ бр.09/97) е наведено дека пред да се донесе одлука за чување на предметот кај некој друг орган, судот ќе побара предлагачот на судската постапка да вложи аванс за покривање на трошоците за чување.

  Врз основа на одлука на Влада на РМ, со Известување број 07-4762/1 од 16.07.2007 година од Министерство за правда, Основните судови во РМ се известуваат дека Договорот склучен со Автомото сојуз на Македонија е раскинат, а превземањето, присобирањето, чување, продажбата на моторните возила и нивните делови ќе се врши во Казнено поправниот дом Идризово со Отворено одделение во Велес.

Основниот суд Штип постапил по ова известување и извершен е пренос на новата локација.

15. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Основниот суд во текот на ревизијата:
    - Во текот на вршење на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2007 година, поради сметководствени грешки кои што субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги и финансиски извештаи под 31.12.2007 година, кои што како ефекти од ревизијата ја зголемуваат вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2007 година за 96 илјади денари. Исправките се спроведени со налог за книжење број 00-1 од 01.01.2008 година.

**Скопје, 19.09.2008 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*
*Овластен Државен ревизор*
-----------------------------

**Основен суд Штип - Штип**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 44,259 | 42,280 |
| **Вкупно приходи** | **44,259** | **42,280** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 39,003 | 38,916 |
| Резерви и недефинирани расходи | 15 | 45 |
| Стоки и услуги | 5,185 | 3,319 |
| Субвенции и трансфери | 56 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **44,259** | **42,280** |
| **Вкупно расходи** | **44,259** | **42,280** |

**Основен суд Штип - Штип**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 4,544 | 3,651 |
| Залихи | 145 | 99 |
| **Вкупно тековни средства** | **4,689** | **3,750** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 5,362 | 7,653 |
| **Вкупно постојани средства** | **5,362** | **7,653** |
| **Вкупна актива** | **10,051** | **11,403** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1,048 | 731 |
| Краткорочни финансиски обврски | 101 | 26 |
| Обврски спрема државата и други институции | 0 | 5 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 3,309 | 2,890 |
| **Вкупно тековни обврски** | **4,458** | **3,652** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 5,593 | 7,751 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **5,593** | **7,751** |
| **Вкупна пасива** | **10,051** | **11,403** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

**Основен суд Штип - Штип**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **7,653** | **99** | **7,752** |
| **Зголемување по основ на:** | **142** | **462** | **604** |
| Набавки | 23 | 462 | **485** |
| Корекции по ревизија | 119 | - | **119** |
| **Намалување по основ на:** | **(2,383)** | **(380)** | **(2,763)** |
| Потрошок | - | (380) | **(380)** |
| Корекции по ревизија | (23) | - | **(23)** |
| Пресметана амортизација | (2,360) | - | **(2,360)** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **5,412** | **181** | **5,593** |

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

**Бр.** ***1205-403/14***

**Скопје, 15.10.2008 година**

Врз основа на член 23 став 6 од Законот за државната ревизија (“Сл. весник на РМ” бр. 65/97 ……133/07), постапувајќи по добиениот Приговор по Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Штип ( во понатамошниот текст Основен суд) за 2007 година, сметка за редовно работење заведен под број 1203-403/6 од 24.09.2008 година, Главниот државен ревизор го донесе следното:

***Р Е Ш Е Н И Е***
***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот на точката 11.2.2. од конечниот извештај за извршена ревизија на Основен суд Штип за 2007 година сметка за редовно работење **делумно се прифаќа** во делот на препораката.

2. Приговорот поднесен на **точките 11.1.1, 11.2.1, 11.2.3, 11.2.4, 11.2.5, 11.3.1, 11.3.2, 11.3.3, 12, 13, 14 и 15** од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Основен суд за 2007 година сметка за редовно работење **не се прифаќа**.

3. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор претставува прилог на Конечниот извештај и се интегрира во Годишниот извештај.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Штип за 2007 година, сметката за редовно работење поднесен е приговор Су. бр. 1062/08 од 06.10.2008 година. Со поднесениот приговор одговорното лице на субјектот за периодот за кој е вршена ревизијата, не достави дополнителни докази со кои може да се оспорат или преиначат утврдените состојби во Конечниот извештај освен на точката 11.2.2. која делумно е прифатена во делот на препораката.

Образложенијата за делумно прифаќање односно неприфаќање на приговорите се следните:

1. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точката 11.1.1.** која се однесува на констатацијата за непостоење на контролни постапки во процесот на евидентирање на влезни фактури кои ќе обезбедат законско, наменско, ефикасно и ефективно користење на средствата **не се прифаќа,** поради тоа што приговорот претставува образложение од страна на одговорното лице дека ќе се постапи по препораката на Овластениот државен ревизор.

2. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точката 11.2.1.** која се однесува на констатацијата за евидентирани недвижности во сметководствената евиденција без постоење на соодветна документација како доказ на сопственоста, **не се прифаќа,** поради тоа што одговорното лице во прилог на приговорот не достави докази со кои ќе ги побие утврдените состојби од страна на ревизијата.

***3.*** Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точката 11.2.2.** која се однесува на констатацијата за непополнето работно место Раководител на сектор – секретар на судот, **делумно се прифаќа,** поради тоа што донесено е Решение од претседателот на судот со кое е назначен секретар на судот и точка 11.2.2. став 2 се менува и гласи: „***Ревизијата не дава препорака поради тоа што со Решение Су. Бр. 711/08 од 11.06.2008 година вработен е секретар на судот„.***

4. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точката 11.2.3.** која се однесува на констатацијата за непополнето работно место Советник за финансиски работи/ сметководител, **не се прифаќа,** поради тоа што приговорот претставува образложение од страна на одговорното лице за констатираната состојба, односно укажување дека во тек е постапката за вработување на Советник за финансиски работи/сметководител, што е констатирано во точката од Конечниот извештај.

5. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точката 11.2.4.** која се однесува на констатацијата за ангажирање на лица со договори за дело спротивно на законските прописи, **не се прифаќа,** поради тоа што приговорот претставува образложение од страна на одговорното лице за констатираната состојба.

6. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точката 11.2.5.** која се однесува на констатацијата за ангажирање на вештаци спротивно на законските прописи, **не се прифаќа,** поради тоа што приговорот претставува образложение од страна на одговорното лице за причините за таквата состојба.

7. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точката 11.3.1.** која се однесува на констатациите за непочитување на законските и подзаконските прописи во водењето на деловните книги **не се прифаќа** и тоа:
   - Упатениот приговор на **алинеја 1** која се однесува на констатацијата дека не е извршено соодветно изготвување на деловните книги на крајот на фискалната година согласно законските прописи, **не се прифаќа** поради тоа што приговорот претставува образложение на воспоставениот начин на водење на сметководствената евиденција, кој не е во согласност со законските прописи;

- Упатениот приговор на **алинеја 2** која се однесува на констатацијата дека финансиските трансакции, односно признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи во текот на годината, содржани во главната книга не се евидентирани според начелото на парично искажување **не се прифаќа** поради тоа што приговорот претставува образложение на воспоставениот начин на водење на сметководствената евиденција, кој не е во согласност со законските прописи;
- Упатениот приговор на **алинеја 3** која се однесува на констатацијата дека вкупно 11 налози за книжење со вкупен промет од 64.519 илјади денари не се поткрепени со веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи, **не се прифаќа** поради тоа што одговорното лице во прилог на приговорот не достави докази со кои ќе ги побие утврдените состојби од страна на ревизијата.
- Упатениот приговор на **алинеја 4.** која се однесува на констатацијата за ненавремено и неажурно изготвување на благајничките извештаи **не се прифаќа,** поради тоа што приговорот претставува образложение од страна на одговорното лице, односно укажување дека препораката ке биде имплементирана.
- Упатениот приговор на **алинеја 5.** која се однесува на констатацијата за недостатоците на програмското решение/софтвер за водење на деловните книги **не се прифаќа,** поради тоа што приговорот претставува образложение од страна на одговорното лице дека почнувајќи од 01.01.2008 година сметководствената евиденција се спроведува преку унифициран автоматизиран буџетски систем, што е констатирано и во препораката од Конечниот извештај.

8. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точката 11.3.2.** која се однесува на констатацијата за евидентирани обврски спрема добавувачи за кои не постои реална обврска, односно истите се платени во годината која е предмет на ревизија од сметката приходи наплатени од органи, **не се прифаќа,** поради тоа што приговорот претставува образложение од страна на одговорното лице за констатираната состојба, односно укажување дека ќе се постапи по препораката од Конечниот извештај.

9. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точката 11.3.3.** која се однесува на констатацијата дека ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на прикажаната состојба на обврските, **не се прифаќа,** поради тоа што приговорот претставува образложение од страна на одговорното лице дека ќе се постапи по препораката од Конечниот извештај.

10. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точките 12 и 13** кои се однесуваат на изразеното мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за законското и наменското користење на средствата кои претставуваат државни расходи за 2007 година, **не се прифаќа,** поради тоа што мислењето е изразено врз основа на пропишани стандарди за вршење на ревизија.


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311* ----------------------------

11. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точката 14** која се однесува на обелоденување за констатирани состојби/неправилности за кои е надлежно Министерство за правда, **не се прифаќа,** поради тоа што приговорот претставува образложение од страна на одговорното лице за констатираната состојба.

12. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точката 15** која се однесува на прифатени и корегирани неправилности од страна на Основниот суд во текот на ревизијата, **не се прифаќа,** поради тоа што приговорот претставува образложение од страна на одговорното лице за констатираната состојба.

**Главен државен ревизор**

**Скопје, 07.10.2008 година**

**Тања Таневска**